РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1034/2

02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 60-та седница одржано на ден 31.01.2022 година донесе

**Одлука**

Пријавата заведена под број 12-1034/1 од 04.03.2021 година доставена од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување поради тоа што пријавените дејствија се однесуваат на повреда на индивидуално право и не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување има друг надлежен орган, а по пријавените наводи ДКСК веќе постапува по оформен предмет кој е во фаза на донесување на одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-1034/1 од 04.03.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 04.03.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12-1034/1 од 04.03.2021 година, по која е оформен предмет со наводи за организирана група за злоупореба на службена должност во КПД Затвор -------.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК констатира дека предметните наводи се однесуваат на незаконито постапување на повеќе лица вработени во установата кои упатуваат на повреда на права на осудени лица, а пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување има друг надлежен орган.

Од извршени провери во евиденцијата на ДКСК, констатирано е дека ДКСК веќе постапува по предмет оформен по анонимна пријава со исти предметни наводи кој е заведен под број 12-3951/1 од 18.11.2020 година, а по кој се преземени дејствија за утврдување на фактичката состојба и пријавата е доставена на надлежно постапување на надлежен орган - Управата за извршување на санкции, која постапила по барањето на ДКСК, извршила увид во предметната установа по однос на пријавените наводи и констатирала дека работењето во установата било во согласност со Законот за извршување на санкциите и другите подзаконски акти. Предметот е во фаза на донесување на одлука од надлежност на ДКСК.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека нема надлежност за постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г,, Член на ДКСК